# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 30.06.2023 год.**

**Јуни, 2023 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите сектори се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 217 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 53 .

**I.Преглед на вработени по Сектор и стручна спрема со 30.06.2023 година**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 4 | 1 | 31 | 9 | 60 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 10 | 2 | 0 | 3 | 2 | 8 | 3 | 28 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 1 | 34 | 7 | 0 | 9 | 20 | 7 | 8 | 86 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 3 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 3 | 1 | 5 | 1 | 4 | 2 | 6 | 1 | 2 | 25 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **3** | **2** | **66** | **10** | **4** | **19** | **31** | **48** | **26** | **209** |

**Табела 1**

Просечен бруто личен доход по работник во 2023 год. за период од 01.01 до 30.06 изнесува 36.247,00 ден. спореден со 2022 год. кој изнесува 32.417,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2023 год.за извештајниот период изнесува 24.146,00 ден.спореден со 2022 год. кој изнесува 21.868,00 ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2021 и 2022 година

Во своето работење во 2021 год. КЈП " Водовод " има постигнато негативен финансиски резултат односно загуба од **11.584.368,00**денари а во 2022 година има постигнато загуба од **68,913,137,00** денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **258.954.438,00** | **255.385.775,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **271.168.468,00** | **324.730.671,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **-12.214.030,00** | **-69,344,916,00** |
| | **-данок од добивка** | **0,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **629.662,00** | **431,779,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **-11.584.368,00** | **-68,913,137,00** |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во вториот квартал на 2023 година

Деловната 2023 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација“**во **вториот** квартал на деловната 2023 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Нови водоводни линии Ф 63, Л=20 м и Ф90 Л=30 м, ул. ,, Бел Камен“ и
Ф 63 со Л=310 м, ул. Александар Македонски“.

Поставени се 4 (четири) капаци на канализациони шахти во селата и градот. Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Одделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Во бунарскиот систем во ПС Грдовци завршено е чистење на 3 (три) длабински експлоатациони бунари како и усисот на пумпите во ова тромесечје и подобрена е издашноста на пумпите.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост.

Во Follow up фазата од Проектот за Пречистителна станица за отпадни води пуштена е канализација се во работа и приклучени на SCADA системот и две нови мерни шахти во Ромското маало.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење.

Во Секторот ,,**Комунална хигиена''** во Периодот од 01.01-30.06.2023год. реализирано е следното:

Се постапуваше по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота. Количината на депониран отпад за периодот од 01.01.2023-30.06.2023 изнесува 32752м3.

Во текот на месеците Јануари, Февруари и Март имавме формирано дежурна екипа за расчистување на снег и посипување со сол и песок, согласно со програмата за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани. Посипувањето со сол и песок и расчистувањето на снег не се вршеше поради временските услови, а на располагање имавме трактори со монтирани уреди за посипување, градежни машини и трактор и камион со монтиран нож за снег.

На места каде што имаше оштетени решетки за одвод на вода на улиците се извршени поправки или изработени во браварската работилница.

Постојано се вршат поправки на урбаната опрема во Општина Кочани.

Дел од контејнерите од 1,1 m 3 се заменети со нови.

Градската депонија беше третирана со алги заради гаснење и превенција од пожар.

Редовно беше вршено миење на улиците со цистерна со вода.

Собирањето на отпад се извршува без застои спрема планираната динамика.

Постојано се вршат редовни сервиси и напори за поправки на целокупната механизација на КЈП„Водовод“ Кочани.

**Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта''**во вториот квартал на деловната 2023 гдина во текот на Април Мај и Јуни активно работеше на пополнување со земја на подигнатите жардињерии на бул.,,Тодосија Паунов“

На потегот од кај кружниот тек кај ,,Автобуска станица,, до ,,Шумско стопанство,, и нивно оплеменување со декоративни садници.Поставивме систем за наводнување на истите и во тек е поставување на мушама и ситно дробен декоративен камен. Во текот на Април и Мај активно работеше на пополнување со земја на разделно зеленило на ул,,Стево Теодосиев,, на потегот од кај крузниот тек кај ,,Дуплиот мост,, до кружен тек ,,Стришани ,,.Поставивме систем за наводнување на истите и во тек е поставување на мушама и ситно дробен декоративен камен.Косење и собирање трева на Гр.река.

Согласно програмата за ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, за 2023 усвоена од советот на Општина Кочани навремено беа извршени сите активности предвидени со истата. Во секторот ,, Православни гробишта,, се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.Се извршуваа и следните работи:

- Поправка на чешми во градските гробишта.
- Косење и собирање смет околу гробните места
- Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)

Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.

**Сектор „Геотерма“,** за периодот од вториот квартал, Април-Јуни од 2023 година, функционираше и работеше согласно своите технички можности, со највисок степен на организираност.

Во овој временски период имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 32.674m$^3$,кое споредено со истиот период од минатата 2022 година, имаме зголемена количина за 6.008 m$^3$, односно 18,39% повеќе.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 12.360 m$^3$ геотермална вода или 32,03% од вкупно експлоатираната геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме зголемено реинектирање за 46,93%.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП „Водовод“ како концесионер, навремено се изготвени и доставени кварталните извештаи за концесиските надоместоци до надлежните институции.

Превентивно се оддржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми, сесо цел успешно функционирање на целиот систем.

Се спушти потопна пумпа во бунарот ЕБ-4. Спуштањето на истата се одвиваше согласно правилата и прописите за изведување на ваков зафат.Се вршат детални испитувања за нејзината работа и функционирање, за да ја имаме нејзината идеална работна точка.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 3,25 m во однос на истиот период од минатата година. Овој раст е последица на малата експлоатација на геотермална вода оваа година, во однос на изминатите години од работењето на системот „Геотерма“.

Сектор „Геотерма“со целиот свој стручен и кадровски потенцијал,а во координација со раководството на претпријатието и соработка со соодветните служби од Општината Кочани, започна со изготвување на стратегија за зачувување на лежиштето „Подлог-Бања“ и воведување на ред, законитост и стручност во експлоатацијата од истото.

Елаборирани се и можни решенија за зголемување на реинектирањето на искористените количини на геотермална вода од потрошувачите од градот и Оранжерии „Добра“ кои досега не се опфатени со реинекционен систем, се со цел оддржливост на лежиштето.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 30.06.2023 год.споредени со истиот период 2022 год. по Сектори

**ПРИХОДИ**

**Табела 3**

| Ред. број | Сектор | Година 2022 | Година 2023 | Коефициент 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 82.523.264,91 | 75.705.630,59 | **0.92** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 13.286.844,51 | 17.559.469,50 | **1.32** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 23.115.039,30 | 24.662.013,85 | **1.07** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.425.077,18 | 4.471.683,81 | **1.01** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 0.00<br>2.176.341,92<br>2.293.058,00 | 109.314.00<br>2.381.246,31<br>2.217.977,00 | **1.05** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 410.614,00 | 231.573,50 | **0.52** |
| | **Вкупно** | **128.230.239,82** | **127.338.908,56** | **0.99** |

**РАСХОДИ**

Табела 4

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 77.677.728,59 | 82.249.271,04 | **1.06** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 13.123.445,74 | 13.470.974,56 | **1.03** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 21.545.774,59 | 20.867.331,36 | **0.95** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 6.967.247,71 | 6.642.864,30 | **0,95** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 1.195.261,71<br>10.815.361,19<br>7.499.319,51 | 1.904.002,53<br>12.696.897,91<br>9.984.760,56 | **1.26** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 1.242.173,34 | 1.600.394,99 | **1.29** |
| | **Вкупно** | **140.066.312,38** | **149.416.497,25** | **1.07** |
| | **Остварен резултат добивка /загуба** | **-11.836.072,56** | **-22.077.588,69** | **1.86** |

Во периодот од 01.01 до 30.06.2023 год. е остварен финансиски резултат односно загуба во износ од **22.077.588,69** ден. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите бележат намалување за 1% во однос на истиот период од 2022 год. додека расходите споредени со истиот период од 2022 год. бележат зголемување за 7 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по Сектор - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 4.845.536,32 | -6.543.640,45 | **-2.35** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 163.398,77 | 4.088.494,94 | **24.02** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 1.569.264,71 | 3.794.682,49 | **1.42** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | -2.542.170,53 | -2.171.180,49 | **0.15** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | -1.195.261,71<br>-8.639.019,27<br>-5.206.261,51 | -1.794.688,53<br>-10.315.651,00<br>-7.766.783,56 | **-0.32** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | -831.559,34 | -1.368.821,49 | **-0.65** |
| | **Вкупно** | **-11.836.072,56** | **-22.077.588,69** | **-0.87** |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 30.06.2023 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Сектор | 2023 год. |
|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **-18.228.910,29** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **-373.153,55** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | **-242.047,10** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **-3.233.477,75** |
| | **Вкупно** | **-22.077.588,69** |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.06.2023 год. со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Менаџмент", Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи" и Сектор "ИТ и развој" ќе констатираме дека Сектор " Комунална Хигиена ", Сектор "Геотерма " ,Сектор " Водовод и Канализација " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2023 год.**

**Табела 7**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 75.705.630,59 | **59.45** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 17.559.469,50 | **13.79** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 24.662.013,85 | **19.37** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.471.683,81 | **3.51** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 109.314,00 | **0.09** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 2.381.246,31 | **1.87** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 2.217.977,00 | **1.74** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 231.573,50 | **0.18** |
| | **Вкупно** | **127.338.908,56** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2023 год.<br>300.350.640,35 : 4 квартала = 75.087.660,09 x 2 =** | **150.175.320,18** | **84.79** |

**Структура на вкупните расходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2023 год.**

**Табела 8**

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 82.249.271,04 | **55.05** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 13.470.974,56 | **9.02** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 20.867.331,36 | **13.96** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 6.642.864,30 | **4.45** |
| 5. | **Сектор "Менаџмент"** | 1.904.002,53 | **1.27** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | 12.696.897,91 | **8.50** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | 9.984.760,56 | **6.68** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | 1.600.394,99 | **1.07** |
| | **Вкупно** | **149.416.497,25** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2023 год.<br>324.203.444,09 : 4 квартала =81.050.861,02x 2 =** | **162.101.722,04** | **92.17** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 30.06.2023 год.**

**Табела 9**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2022 год. | Износ 30.06.2023 год. | Коефициент 30.06.2023/ 30.06.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **264.572.088,00** | **264.611.076,00** | **1.01** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 206.924.064,00 | 203.630.777,00 | **0.98** |
| 2 | Побарувања од дуќани | 6.530.090,00 | 6.413.052,00 | **0.98** |
| 3 | Побарувања од фирми | 51.117.934,00 | 54.567.247,00 | **1.07** |

Анализирајки ги  тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот  период од 2022 год. се зголемени за 1 %, од кои кај дуќаните се намалени за 2  %, кај домаќинствата се намалени за 2 %  и кај фирмите се зголемени за 7 %  .

**Тековни обврски со состојба на ден 30.06.2023год.**

**Tabela 10**

| Ред. број | Основ | Износ 31.06.2022 год. | Износ 31.06.2023 год. | Коефициент 31.06.2023/ 31.06.2022 |
|---|---|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **45.016.589,00** | **74.877.931,00** | **1.66** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Обврски кои доспеват за 1 година** | | **20.308.549,00** | |
| | **262002 - KFW банка** | | 1.018.358,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | | 1.290.191,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | | 18.000.000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Долгорочни обврски** | | **51.828.027,00** | |
| | **282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата** | | 16.660.165,00 | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | | 2.580.394,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | | 32.587.468,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | | **147.014.507,00** | |

**Обврски по основ на стоки и услуги кон фирми со поголем износ на ден 30.06.2023год.**

| Ред.број | Основ | Износ |
|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **58.967.237,00** |
| 1. | ЕВН Хоме | 17.127.830,00 |
| 2. | ЕСМ Продажба | 17.059.496,00 |
| 3. | Електродистрибуција | 2.066.326,00 |
| 4. | Ваталко | 8.671.432,00 |
| 5. | Авто Петрол | 3.424.502,00 |
| 6. | Водопласт | 2.738.144,00 |
| 7. | Винер Виена Иншуренс груп | 2.798.500,00 |
| 8. | ЦМЦ Гроуп | 2.361.664,00 |
| 9. | Политехна | 1.549.586,00 |
| 10. | Металокомерц | 1.169.757,00 |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.06.2023 год. ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. **Обврски по основ на стоки и услуги** споредени со истиот период од 2022 год. се зголемени  за 66 % .

**Тековни залихи со состојба на ден 30.06.2023 год.**

**Табела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2022 год. | Износ 30.06.2023 год. | Коефициент 30.06.2023/ 30.06.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 10.671.534,61 | 9,069,590,43 | **0.85** |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 2.047.179,05 | 1,740,473,54 | **0.85** |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 546.585,93 | 337,433,58 | **0,62** |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208,216,00 | **1.00** |
| | **Вкупно** | **13.473.515,59** | **11,355,713,55** | **0.84** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2022 год. бележат намалување за 16 % .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 30.06.2023 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **22.077.588,69** денари.

**Изработил** **Директор**

___________________ ___________________